ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

Друштво за проектирање, производство и монтажа на ...чни конструкции и опрема, увоз-извоз ФАКОМ АД
04-05-2016 год.
Бр. 11-03/3402
СКОПЈЕ

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

Врз основа на член 20 од Статутот на ФАКОМ, АД-Скопје, а во врска со член 384 и член 387 од Законот за трговските друштва,Управниот Одбор на ФАКОМ, АД-Скопје објавува :

**П О В И К**
**За учество на Годишно Собрание на акционери на**
**ФАКОМ, АД-Скопје**

Седницата на Собранието на ФАКОМ, АД-Скопје ќе се одржи на 15.06.2016 година (среда) со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото, бул. Александар Македонски бр.18, Скопје. За Собранието се предлага следниот:

## Д н е в е н р е д

**I. Процедурален дел**

1. Отварање на седницата на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собрание;
3. Избор на записничар и двајца заверувачи на записник;
4. Избор на бројачи на гласови.

**II. Работен дел**

5. Разгледување и усвојување на записници од претходните седници на Собрание на акционери;
6. Годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на Друштвото во 2015 година;
- Предлог Одлука за одобрување и усвојување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето на Друштвото за период од 01.01.-31.12.2015 година;
7. Извештај за извршената ревизија за 2015 година на годишната сметка и финансиските извештаи;
- Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2015 година;
8. Предлог Одлука за употреба на нето добивката за финансиската 2015 година;
9. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор на Друштвото;
10. Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото;
11. Предлог Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на Друштвото за 2016 година.

Право на учество на Собранието имаат акционерите и полномошниците на акционерите.

Акционери кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на дневниот ред со образложено барање за вклучување на нови точки во рок од осум дена од денот на објавувањето на јавниот повик по електронски пат на e-mail адресата на друштвото info@fakom.com.mk .

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

ФАКОМ АД - Скопје
бул. Александар Македонски бр. 18
1000 Скопје
Република Македонија
Поштенски фах: 439

QUALITY MANAGEMENT SYSTEM
CERTIFIED BY DNV
ISO 9001:2000

На Собранието акционерите на Друштвото може да учествуваат лично или да овластат полномошник да ги застапува со полномошно.

Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното.

Секој акционер или полномошник должен е своето учество да го пријави најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Пријавите да се доставаат до Факом АД –Скопје.

Материјалите за Собранието на Факом АД –Скопје, согласно Законот за трговски друштва, им се достапни на акционерите на увид од денот на објавување на овој повик, секој работен ден од 12 – 14 часот во просториите на ФАКОМ, АД - Скопје, бул. Александар Македонски бр.18 и на официјалната интернет страница на друштвото www.fakom.com.mk.

**ФАКОМ, АД-Скопје**
**УПРАВЕН ОДБОР**